# И З В Е Ш Т А Ј

## за реализирани активности по Програмата за активностите на Општина Крива Паланка во областа на културата и културните манифестации за 2024 година

### I. ВОВЕД

Општина Крива Паланка е една од ретките општини во државата која има богата културна програма за своите граѓани и организира голем број на настани и манифестации од областа на културата во текот на година. Препознавајќи ја културата како сериозна можност за создавање на сопствен имиџ, препознатлив во пошироки рамки, општината согласно Програмата за активностите на Општина Крива Паланка во областа на културата и културните манифестации за 2024 година предвидуваше широка лепеза на настани за сите категории на локални жители, со можност за учество на целукупниот креативен локален потенцијал, што со огромна доза на посветеност, креативност и препознатливост целосно и успешно ја имплементираше целната програма. Успешната приказна беше препознаена и во пошироки рамки, поддржана од сите национални медиуми, со што Крива Паланка во 2024 година од страна Министерството за култура беше прогласена за ГРАД НА КУЛТУРАТА за 2024 година. Општината е главниот носител на културната програма во градот, а е покровител на многу манифестации кои ги организираат други локални организации.

Во процесот на имплементација на програмата беа вклучени огромен број на лица, локлани институции и дејци, кои дадоа сериозен придонес за комплетна реализација на програмата. Сите основни училишта со наставниот персонал и учениците, локалната установа ЛУ Градски музеј, Националмната установа Центар за култура, локалните граѓански здруженија, уметнички друштва и останатаи субјекти, поддржани од сите локални културни работни неуморно и посветено реализираа огромен број на настани на задоволство на сите локални граѓани. Успешноста на процесот на реализација може да се види и објавите во сите национални медиуми, рапидно зголемениот рој на гости и посетители на градот и нивните коментари, кои се најдобар репер и показател. Успехот е уште поголем ако се земе во предвид дека во најголемиот број на настани значајно место заземаа локалните дејци и уметници, но и бројот на дечињата кои со свои креации, креативни игри и талент беа дел од културната понуда во изминатата година.

Во периодот 01.01-31.12.2024 година, Одделението за јавни дејности при Секторот за правни работи, јавни дејности и поддршка на градоначалникот при Општина Крива Паланка, во тесна соработка со ЛУ Градски Музеј, НУ Центар за култура, локалните дејци и здруженија на граѓани од областа на културата и уметноста, по сите параметри и коментари успешно ја имплементираше Програмата за активностите на Општина Крива Паланка во областа на културата и културните манифестации за 2024 година.

Програмата за активностите на Општина Крива Паланка во областа на културата и културните манифестации за 2024 година се состои од 4 (четири) дела по однос на предвидените активности и тоа:.

Првиот дел е Празници, манифестации, настани кои ги организира општината како годишни, во кој се опишани и спроведени културно – уметничките активности, настани и манифестации во текот на 2024 година, како и календарот и динамиката на спроведување.

Вториот дел е Празници, манифестации, настани кои ќе ги поддржи општината, во кој се опфатени културно – уметничките активности, настани и манифестации на локални организации

кои се под покровителство на Општина Крива Паланка.

Третиот дел е Поддршка на годишни програми и проекти на здруженија на граѓани од областа на културата, во кој е направен изборот на програми врз основа на Јавен повик за распределба на буџетски средства за подршка на програмски активности и проекти на здруженија на граѓани од областа на културата.

Четвртиот дел е Активности од манифестацијата КРИВА ПАЛАНКА ГРАД НА КУЛТУРАТА 2024 година поддржани од Министерството за култура, кој се состои од 3 (три) дела:

Во првиот дел е ОСНОВНА ПРОГРАМА во која се опишани и спроведени културно – уметничките активности, настани и манифестации во текот на 2024 година, како и календарот и динамиката по која ќе бидат спроведени.

Во вториот дел е ПРИДРУЖНАТА ПРОГРАМА во која се опишани и спроведени придружните и дополнителните активности ја надополнуваа основната програма и придонесуваа за потврдување на титулата ГРАД НА КУЛТУРАТА.

Во третиот дел е ПОДДРШКАТА НА ПРОГРАМАТА во која се опишани промотивните алатки кои ќе беа разработени, како и техничката и логистичките капацитети кои ќе да бидат подобрени и подигнати за да биде реализирана програмата во целост и на задоволство на сите.

## II. АКТИВНОСТИ

Во текот на годината, активности имплементирани од оваа област, кои се во согласност со Програмата за активностите на Општина Крива Паланка во областа на културата и културните манифестации за 2024 година се:

### *1. Празници, манифестации, настани кои ги организира општината како годишни*

**5-ти јануари – БАДНИК** (носител НУ Центар за култура) - централната прослава се одржа на градскиот плоштад, со пригодна традиционална бадникова програма, збогатена со бадниковата поворка од деца која тргна од плоштадот Карпошово Востание преку центарот до црковниот храм Св. Великомаченик Димитриј. Традиционалано се делеше бадниковото лешче со паричка. На присутните граѓани се делеше топла ракија, чај и храна од бадникова трпеза поставена на градскиот плоштад.

**7-ми јануари – БОЖИЌ** (носител НУ Центар за култура) – поради временските услови не беше одржан Божиќниот концер и промоцијата на Божиќната песна беше одложена.

**19-ти јануари – ВОДИЦИ-БОГОЈАВЛЕНИЕ** (носител НУ Центар за култура) - централната прослава се одржа на градскиот плоштад, со пригодна културна програма, света литургија во црквата Свети Великомаченик Димитриј и традиционално фрлање на крстот во водите на Крива Река. Во делот од културната програма учество зема и познатата Андријана Алачки, која целосно ја превзеде организацијата за пивтијадата.

**1-ви Април — Ден на шегата** (носител Општина Крива Паланка) - Денот на шегата во организација на ЛУ Градски Музеј, се одбележа на спектакуларен начин со забавна програма и содржина за сите деца од училишна и предучилишна возраст и се одржа најмасовно дефиле на маски. На настанот се доделија и награди за најдобрите маски, а за забавата се погрижија ДЈ Пајак и маски-аниматори во публика.

**8-ми Април – Ден на Ромите** (носител Општина Крива Паланка) – во соработка со НУ Центар за култура е одржан целовечерен музички концерт на Бајса Арифовска и други еминентни музичари.

**23-ти Мај - Патрон празник Св.Јоаким Крчовски** (носител Општина Крива Паланка) -

Свечено одбележување на денот на нашиот преордбеник и учител СВ.ЈОАКИМ КРЧОВСКИ со организација на богата свечена програма – патронат на учиилштето, полагање на свежо цвеќе на споменикот на преродбеникот во центарот на Крива Паланка.

**24-ти Мај – ден на сесловенските просветители Кирил и Методиј** (носител Општина Крива Паланка) **-** на 23-ти Мај се одржа Свечено одбележување на денот на сесловенските просветители СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ како и денот на нашиот преордбеник и учител СВ. ЈОАКИМ КРЧОВСКИ со организација на богата свечена програма и доделување на наградите за најдобар просветен работник и најдобар ученик. Одбелележувањето на празникот беше збогатено музичко учество на АГНИ АВШАР како и целовечерен концерт на македонски евергрини изведувани од нашиот најпознат поп пејач ДРАГАН МИЈАЛКОВСКИ и оркестар при ЗЦМ Скопје како и балетска придружба студио за модерен балет ДЕНС Јунајтед од Скопје.

**12-ти Јули – Трилатерална погранична средба – КРАИШТЕ** (носител Општина Крива Паланка) - Манифестацијата по повод празникот ПЕТРОВДЕН, позната како КРАИШТЕ, традициoонално се одржа во организација на пограничните Општини Крива Паланка, Босилеград и Ќустендил пред околу илјада граѓани од пограничната област.

**2-ри Август, Илинден** (носител ЛУ Градски музеј) **-** по повод празникот делегација на Општина Крива Паланка предводена од Градоначалникот, положи свежо цвеќе на споменикот на паднатите борци пред зградата на општината. Цвеќе положија и делегација на Советот на општината и претставници на политичките партии, како и претставници на јавните институции. Во склоп на оваа активност се одржа и драмски рецитал во кој учествуваа членовите на КУЗ Фолкористи.

**БАСКЕРФЕСТ** (носител Општина Крива Паланка) - манифестацијата БАСКЕРФЕС 2024 се одржа во период Јули-Август 2024 година со спроведувањена 2 (два) улични театарски фестивали „Баскерфест" на 23.07 и 13.08.2024 година, со следните видови на изведби: театарска и циркуска група, акробати, музичари, одачи на штули, магионичари, жонглери, бајкери, скејтери, куклари, кловнови, пантомимичари, танчери и друг вид на улични изведувачи.

**29-ти Август – Св.Јоаким Осоговски** (носител Општина Крива Паланка) – претставници од Општина Крива Паланка предводени од Градоначалникот и гости од други општини присуствуваа на литургија по повод празникот.

**ФЕСТИВАЛ НА ХРАНА 2024** (носител Општина Крива Паланка) **–** се одржа во рамки на фестивалот ШОПСКО СЕЛО во период од 20-25.08.2024 година на градскиот плоштад во Крива Паланка. На фестивалот имаше над 80 изложувачи на органска храна, понуди специјалитети и производи од поднебјето на Осоговието. Изложувачи имаше од општините Ранковце, Берово, Неготино, Куманово, Кавадарци, Кратово, Прилеп, Скопје, Кочани, Велес и други општини. Организатор на настанот беше општината со финансиска поддршка на Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство на РСМ.

**8-ми Септември – Ден на осамостојувањето** (носител ЛУ Градски музеј) – беше организирано свечено одбележување на Денот на независноста со полагање на свежо цвеќе на споменикот на паднатите борци пред зградата на општината.

**8-ми Октомври – празник на градот** (носител Општина Крива Паланка) **-** Празнувањето на денот на градот се обележа со положување на свежо цвеќе на спомен- бистата на паднатите борци од НОБ пред општинската зграда, од страна на делегација од Општина Крива Паланка и Советот на општината, советничките групи на СДСМ и ВМРО ДПМНЕ, делегации од збратимени градови, соседни градови, претставници на амбасади на

странски држави, делегации на политичките партии, на МВР, на локалните јавни претпријатија и институции, воспитно образовните институции, Сојуз на борците, здруженија на граѓани и граѓански организации. Во склоп на оваа активност се одржа и свечена академија по повод 80 години од ослободувањето на градот Крива Паланка со богата свечена програма доделување на 8-мо Октомвриската награда и признанија за придонес во развојот на општина Крива Паланка, како и музичка програма на македонски евергрини испеани од Андријана Јаневска и Драган Мијалковски, во придружба на ревиски оркестар. На свечената академија беше промовирана и новата свечена (официјална) песна за Крива Паланка од Дац и Александар со видео спот.
ШОПСКА СОФРА 2024 - по повод 8-ми Октомври — општината по четврти пат организираше манифестација на која се презентираше вкусната традиционална храна од кривопаланечко. Настанот беше поддржан од Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство.

**11-ти Октомври – Ден на востанието** (носител ЛУ Градски музеј) - беше организирано свечено одбележување на Денот на народното востание со полагање на свежо цвеќе на споменикот на паднатите борци пред зградата на општината.

***2. Празници, манифестации, настани кои ќе ги поддржи општината***

**23-ти Март - ПОКЛОНЕНИЕ НА СВ. ТЕОДОР ТИРОН** — Традиционалната манифестација „НЕВЕСТИНСКО ПОКЛОНЕНИЕ“ на Свети Теодор Тирон во с.Конопница на која зедоа учество пет пара на невести и нивните свекрви. На манифестацијата присуствуваа голем број на граѓани од с.Конопница, градот Крива Паланка и проградските населби како и од селата на Кривопаланечката околија.

**5-ти Мај – Велигденска традиција** (носител ЛУ Градски музеј) - организација на традиционалната манифестација со богата програма: Велигденски игри, велигденски базар и концерт на Дејви и бенд на Градскиот плоштад на која учество земаа сите образовни институции од градот, а децата имаа можност низ најразлични забавни и креативни натпреварувања бесконечно да се забавуваат и освоја по некоја награда.

**Кривопаланечко Културно лето 2024** (носител НУ Центар за култура) – се оддржа во периодот од 18.06 до 28.08.2024 година и се реализираа следните настани и настапија следните изведувачи: Дај една чалгија, Ансамбал „МАКЕДОНИЈА“ и гости, Старогрaдска вечер-фестивалска вечер, Музичко студио НУЦК-Лариса Жулина Митовска, Кристијан Шопов-магионичар, Театар Куманово-Волшебникот од ОЗ, Музичка вечер со Дфендерс, Музичка вечер со Дуо Бригхт, Дарко Ѓурчиновски-кловн, Музичка вечер со Дејвид Бенд, Кристијано Бенито-кловн, Поетска манифестација-ЛИРСКИ ТРЕПЕРЕЊА, Музичка вечер со Бад асс алл, Музичка вечер со Наташа Малинкова.

**28-ми Концерт по повод патрониот празник на општината** (носител Општина Крива Паланка) - на градскиот стадион на 28 август се одржа музички концерт на кој гостуваше балканската поп ѕвезда Северина. Покрај неа гости беа Давид Темелков и Брас Брадерс.

**18-ти Интернациоцален фолклорен фестивал Св.Јоаким Осоговски 2024** (носител НУ Центар за култура) во периодот 20-22.08.2024 година се оддржа 18-ти по ред интернационален фолклорен фестивал, со учество на 17 групи на културно-уметнички и фолклорни друштва од четири различни европски држави (БиХ, Србија, Северна Македонија и Турција).

**Меѓународна Ликовна Колонија Св.Јоаким Осоговски 2024** – организацијата на

овогодинешното 38-то издание на Меѓународната Ликовна Колонија „СВ.ЈОАКИМ ОСОГОВСКИ“ во период од 28.06 до 06.07.2024 година каде на 05.07.2024 година во конакот на Св.Јоаким Осоговски беше организирана ликовна изложба од самите учесници на колонијата.

**МЕЃУНАРОДЕН ТЕАТАРСКИ ФЕСТИВАЛ Св.Јоаким Осоговски 2024 –** во периодот од 27.09 – 05.10.2024 година - организација на 16-то издание на меѓународниот Театарски Фестивал „СВ.ЈОАКИМ ОСОГОВСКИ“. На фестивалот оваа година се организираат 7 театарски претстави во 7 фестивалски денови на театри од Р.С.Македонија, БиХ, Р.Србија и Р.Бугарија.

**Распеано симитче -** 10-тото по ред Детски музички фестивал „Распеано симитче 2024“, се оддржа на 24-ти декември. Фестивалот го организираше Центарот за аудиовизуелни уметности, во соработка со НУ Центар за култура Крива Паланка и со финансиска поддршка на Општина Крива Паланка, која е и покровител на овој музички настан.

**Новогодишен базар** (носител Општина Крива Паланка) во периодот 26-31 декември општината организираше Кривопаланечки новогодишен базар, со многу музичко-сценски и забавни активности за сите генерации. За таа цел на самата локација на Градскиот плоштад беа поставени 20-тина дрвени куќарки со специјализирана и однапред утврдена намена кои беа издадени на локални фирми и компании. Во наведениот период, секоја вечер беа организирани настапи на домашни и интернационални музички ѕвезди на локација на самиот плоштад и тоа Калиопи, Камерен оркестар, Влато Лозановски, Мики Секуловски, Пауза за ракија и Некст Тајм. За најмладите беа организираи настап на детските ѕвезди од Распеано Симитче, Детски фестивал Поточиња, Биби и Боби, Слаткаристика, Пајак, ДЈ Боно, Дарко Ѓурчиновски и Мето пантомичарот и Жонглер, како и театарска претства Снежана и Дедо Марз. На 29-ти пред Нова Година беше организиран и дочек на Дедо Мраз со соодветна пригодна програма

### *3. Поддршка на годишни програми и проекти на здруженија на граѓани од областа на културата*

Во овој дел прикажани се резултатите од оценка на извештаи на здруженија на граѓани и установи од областа на културата од страна на Комисија за евалуација на извештаи за наменско трошење на доделени средства од буџет на Општина Крива Паланка за 2024 година на граѓански здруженија за реализација на активности од областа на културата и културните манифестации.

| **Оценка на извештаи за реализација на активности од областа на културата и културните манифестации** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Бр. | НАЗИВ НА СУБЈЕКТ / КОРИСНИК | ДОГОВОР БР. | ВКУПНО ДОДЕЛЕНИ ПАРИЧНИ СРЕДСТВА ( денари) | НАРАТИВЕН ИЗВЕШТАЈ ( ДА – НЕ ) | ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ Вкупно потрошени средства | Забелешка |
| 1. | Регионално здужение за развој на планинарење, алтернативен туризам и настани инспирирани од културата ПАТНИК Крива Паланка | 08-807/1 15.02.24 | 90.000 | ДА | 72.500 | *Извештајот е прифатен* |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2. | Здружение за култура и уметност Ликовна Колонија Св.Јоаким Осоговски Кр. Паланка | 08-2908/1 10.06.24 | 100.000 | ДА | 100.000 | *Извештајот е прифатен* |
| 3. | Здружение на граѓани “КУЗ Распеани Паланчани” | 08-5287/1 16.10.24 | 80.000 | ДА | 80.000 | *Извештајот е прифатен* |
| 4. | Здружение на граѓани “ГИГА ФЕСТ” | 08-3713/1 24.07.24 | 50.000 | ДА | 50.000 | *Извештајот е прифатен* |
| 5. | Здружение на граѓани “ФОЛКЛОРИСТИ” | 08-1525/1 15.03.24 | 60.000 | ДА | 60.000 | *Извештајот е прифатен* |
| 6. | Здружение Меѓународен Театарски Фестивал Св. Јоаким Осоговски | 08-4601/1 12.09.24 | 400.000 | ДА | 400.000 | *Извештајот е прифатен* |
| 7. | Здружение ЦЕНТАР ЗА АУДИОВИЗУЕЛНИ УМЕТНОСТИ – За Божиќна Песна | 03-327/1 22.01.24 | 100.000 | ДА | 100.000 | *Извештајот е прифатен* |
| 8. | Здружение ЦЕНТАР ЗА АУДИОВИЗУЕЛНИ УМЕТНОСТИ – Детски Фестивал Распеано Симитче | 08-5400/1 24.10.24 | 300.000 | ДА | 300.000 | *Извештајот е прифатен* |
| 9. | ЛУГМ Градски Музеј Крива Паланка | 08-657/1 08.02.24 анекс 08-1947/1 05.04.24 | 290.000 | ДА | 290.000 | *Извештајот е прифатен* |
| 10. | НУЦК Крива Паланка - Крива Паланка Град на култура 2024 | 03-3630/1 17.07.24 Анекс 03-3630/2 13.12.24 | 505.000 | ДА | 505.000 | *Извештајот е прифатен* |
| 11. | НУЦК Крива Паланка – Манифестација Бадник, Божиќ и Водици 2024 | 08-307/1 18.01.24 | 480.000 | ДА | 480.000 | *Извештајот е прифатен* |
| 12. | НУЦК Крива Паланка – Културно лето и ИФФ | 08-2048/1 15.04.24 | 1.000.000 | ДА | 1.000.000 | *Извештајот е прифатен* |
| 13. | Роберт Цветковски | 08-1524/1 15.03.24 | 30.000 | ДА | 30.000 | *Извештајот е прифатен* |
| 14. | Мира Георгиевска | 03-3680/1 22.07.24 | 30.000 | ДА | 30.000 | *Извештајот е прифатен* |

Комисијата за евалуација во својата работа се водеше од позитивните законски прописи и важечки правилници за управување со јавните финансии и за финансиско работење. За потребите на финансиското известување беа разгледувани релевантни финансиски документи кои ја докажуваат реализацијата, како што се фактури, испратници, сметки, платни налози, банкарски изводи, патни налози и друга документација.

Врз основа на спроведената евалуација на доставените извештаи за наменското трошење на доделените средства од граѓански здруженија, физички лица и институции за реализација на активности од областа на културата и културните манифестации за 2024 година, комисијата го донесе следниот заклучок:

- Сите субјекти на кои им се доделени финансиски средства, доставиле наративен и финансиски извештај и истите се уредни и ги содржат потребните документи, а по извршената евалуација за наменското трошење комисијата заклучи дека сите субјекти врз основа на приложените извештаи и соодветна документација во прилог, ги користеле средствата согласно намените за кои ги побарале и согласно склучените договори, со забелешка дека истите во иднина треба да водат повеќе сметка за точната финансиска документација која ја приложувааат, вистинскиот документарен тек и за почитување на законските обврски и ограничувања во поглед на финансиското работење кои ги имаат како правни лица (здруженија и фондации), и од аспект на законско и транспарентно трошење на јавните финансии.

- Регионално здужение за развој на планинарење, алтернативен туризам и настани инспирирани од културата ПАТНИК Крива Паланка има вратено 17.500 денари (извод бр.2 од 23.01.25) поради тоа што бројот на невести предвидени да земат учество во настанот се намалил.

- НУЦК Крива Паланка – Манифестација Бадник, Божиќ и Водици 2024 (08-307/1 од 18.01.24), реализирани се сите доделени средства со забелешка дека активностите за Божиќ поради временски услови не се реализирани согласно договорот и програмата, меѓутоа за таа сметка е потрошен поголем износ за активности по повод Бадник (од 80.000 на 200.000 денари) и Водици (од 200.000 на 280.000 денари).

- НУЦК Крива Паланка - Крива Паланка (за активности во рамки на Град на култура 2024 – договор бр.03-3630/1 17.07.24 Анекс 03-3630/2 13.12.24), се реализирани сите доделени средтсва со забелешка дека настаните „Звукот на улицата“, Крива Паланка Филм Фест, Летно Кино, Театарска вечер (1/2) не се реализирани согласно договорот, а за таа сметка за настаните Музички вечери (3 настани) од предвидените 160.000 денари се потрошени 294.815 денари и за Стенд Ап вечер предвиден по програма 40.000 денари се потрошени 55.000 денари.

***4. Активности од манифестацијата КРИВА ПАЛАНКА ГРАД НА КУЛТУРАТА 2024 година поддржани од Министерството за култура***

Манифестацијата КРИВА ПАЛАНКА – ГРАД НА КУЛТУРАТА 2024 година се одвиваше во градот Крива Паланка, на повеќе различни затворени и отворени локации. Настаните од манифестацијата се одржуваа на следните затворени локации: Општина Крива Паланка – голема сала, НУ Центар за култура – концертна и кино сала, библиотека и фоаје, ЛУ Градски Музеј – голема сала, мала сала и уметничка галерија и во црквата Св. ВмЧ Димитриј. Настаните на манифестацијата се одржуваа и на следните локации на отворено: Градски плоштад, Градски плоштад – летна сцена, Кеј на Крива река, плоштад „Карпошово востание“ Градски стадион и ЛУ Градски Музеј – плато,

Манифестацијата започна во месец Март (по потпишување на договор со Министерството за култура) со прес конференција на министерката за култура Бисера Стојчевска Костадиновска, градоначалникот на Општина Крива Паланка Сашко Митовски и авторот на манифестацијата Драган Величковски.

По добивањето на титулата веднаш се пристапи кон подготовка на програма, брендирање и дизајнирање на лого на манифестацијата и нејзина промоција и популаризација. Уште веднаш беше распишан конкурс за дизајн на лого, и од пристигнатите повеќе од 15-тина трудови беше избран трудот на авторот Небојша Спасиќ графички дизајнер од Куманово.

Манифестацијата се одвива во периодот од 01 Март 2024 до 31 Декември 2024 година. Манифестацијата траеше 306 (триста и шест) денови и во нејзе има вкупно **132 настани / активности.**

| ОСНОВНА ПРОГРАМА | |
|---|---|
| **МАРТ**<br>Во месец март се одржаа 5 (пет) настани во рамките на манифестацијата, од кои 3 (три) се од пријавената програма на КПГК 2024: | 5 |
| **<u>06 Март / 11:00</u> КПГК 2024**<br>Манифестацијата започна на 06-ти Март со прес конференција на министерката за култура Бисера Костадиновска Стојчевска, градоначалникот на општина Крива Паланка Сашко Митовски и авторот на програмата на манифестацијата Драган Величковски. На прес конференцијата говореа и двајца претставници на поголемите годишни фестивали: Гоце Ристовски претставник на МТФ „Св. Јоаким Осоговски“, Јордан Михајловски претставник на МЛК „Св. Јоаким Осоговски“, а беа присутни и претставници на другите повеќегодишни фестивали и манифестации МФФ „Св. Јоаким Осоговски“, ФДП „Распеано симитче“, ФАК Гига Фест, МФ Џојфест и др.<br>**Локација:** НУ Музеј на македонската борба, Скопје | |
| **<u>16 Март / 20:00</u> КПГК 2024**<br>Организација на првото издание на манифестацијата ОРАТА КОПАТА **<u>маскембал</u>** во градот (заради заживување на згаснатата градска традиција на маскирање по повод празникот ПРОЧКА се случи мна 16-ти Март. Настанот беше еднодневнен, беше организирана централна бина и програма, и имаше избор на најдобра поединечна и групна маска. Настанот беше збогатен со учество на групата ПАЉАЧИ од град Варна. Р. Бугарија кои ќе изведоа **<u>огнено и светлечко шоу</u>** како симболична и ритуална претстава на палењето СУСУРИГА по повод овој празник како и учество на групите „БАМБУРЦИ“ од с. Ратево, Берово, „ЏОЛОМАРИ“ од с. Манастирец Росоман, „ЏАЛАМАРИ“ од с. Спот Кавадарци, а настанот преку јавниот повик ги инспирира и маскиате „Бижденци“ од КУЗ Карпош Кр. Паланка и „Трновски ветришта“ од КУД 8-ми Октомври Кр. Паланка.<br>**Локација:** Градски плоштад | |
| **<u>23 Март / 20:00</u> КПГК 2024**<br>Свечено и официјално отворање на манифестацијата КРИВА ПАЛАНКА – ГРАД НА КУЛТУРАТА се одржа на 23-ти Март со **<u>целовечерен концерт</u>** со наслов „МАКЕДОНСКО ДЕВОЈЧЕ“ на Каролина Гочева и бендот под раководство на Николче Мицевски.<br>**Локација:** НУ Центар за култура | |
| **<u>23 Март / 12:00 часот</u>**<br>Традиционалната манифестација „НЕВЕСТИНСКО ПОКЛОНЕНИЕ“ на Свети Теодор Тирон во с. Конопница. На манифестацијата присуствуваа голем број на граѓани од с. Конопница, градот Крива Паланка и проградските населби како и од селата на Кривопаланечката околија.<br>**Локација:** црква Св. Теодот Тирон, с. Конопница. | |

| | |
|---|---|
| <u>27 Март / 17:30 часот</u><br>**Промоција на книга ПРЕСЕК – од Маја Трајковиќ**<br>**Локација:** Центар за култура - библиотека | |
| АПРИЛ<br>Во месец Април се одржаа 14 (четиринаесет) настани во рамките на манифестацијата, од кои 2 (два) беа од пријавената програма на КПГК 2024: | 14 |
| **<u>1 Април / 11:00 часот</u>**<br>**ПРВОАПРИЛСКА ШЕГА – детски маскембал и забава**<br>**Локација:** Градски плоштад | |
| **<u>3 Април / 17:00 часот</u>**<br>**Работилница ПРОБУДИ ЈА КРЕАТИВНОСТА – ментор Оливера Станковска**<br>**Локација:** НУ Центар за култура Крива Паланка | |
| **<u>4 Април / 20:00 часот</u>**<br>**театарска претстава НЕ СЕ КУРЧИ –/ стенд ап со Надица Петрова**<br>**Локација:** НУ Центар за култура | |
| **<u>8 Април / 20:00 часот</u>**<br>**Концерт ПОД СОНЦЕТО - на Бајса Арифовска и пријателите, по повод светскиот ден на Ромите.**<br>**Локација:** НУ Центар за култура | |
| **<u>11 Април / 12:00 часот</u>**<br>**Работилница за традиционално пеење. ментор: м-р Тијана Јаневска**<br>**Локација:** НУ Центар за култура | |
| **<u>11 Април / 12:00 часот</u>**<br>**Работилница за традиционални инструменти. ментор: проф. д-р Горанчо Ангелов**<br>**Локација:** НУ Центар за култура | |
| **<u>12 Април / 20:00 часот</u>**<br>**ЛАЗО КРСТЕВСКИ –ретроспективно монографска изложба**<br>**Локација:** ЛУ Градски Музеј | |
| **<u>14 Април / 12:00 часот</u>**<br>**МОЈОТ СОН –промоција на книга од Џемиле Берат**<br>**Локација:** НУ Центар за култура Крива Паланка | |
| **<u>17 Април / 12:00 часот</u>** | |

| | |
|---|---|
| **IN VINICA VERITAS – изложба на карикатури од 15-то издание на фестивалот "IN VINICA VERITAS"**<br>**Локација:** НУ Центар за култура Крива Паланка | |
| **<u>18 Април / 12:30</u> КПГК 2024**<br>Кривопаланечката театарска сцена располагаше со два драмски текста на Страхил Алексиќ, долгогодишен учител, предагог, писател и член на староградското друштво „Распеани Паланчани". Драмските текстови на Алексиќ, кои ги носеа следните наслови: „*Ожењи се Санде Калаџија*" и „*Најефтината Свадба*". Истите во рамките на програмата беа обработени, уредени, лекторирани и отпечатени во вид на две книги во соработка со двете градски културни установи, и беа промовирани на оваа организирана и свечена **<u>промоција на двете книги /драми.</u>**<br>**Локација:** НУ Центар за култура | |
| **<u>19 Април / 11:30 часот</u>**<br>**ЧИТАЈ И ИЛУСТРИРАЈ – работилница со Габриела Стојановска**<br>**Локација:** НУ Центар за култура -библиотека | |
| **<u>20 Април 16:00 часот</u>**<br>**ЧИТАЈ И ИЛУСТРИРАЈ – работилница со Лазо Ѓорѓиевски**<br>**Локација:** НУ Центар за култура - библиотека | |
| **<u>26 Април / 20:00</u> КПГК 2024**<br>50 годишен јубилеј на СТАРОГРАДСКОТО ДРУШТВО од Крива Паланка беше одбележан со богата јубилејна програма со изработка и печатење на јубилејна **<u>книга-песнарка</u>**, изработка и умножување на **<u>ЦД</u>** со студиска аудио снимка и организација на промоција на книга-песнарка од уред. Филип Додевски и **<u>голем концерт</u>** со учество на музичкиот и пеачкиот ансамбл на КУЗ „Распеани Паланчани" , Староградскиот состав при КУД „8-ми Октомври као гости од МКД и странство.<br>**Локација:** НУ Центар за култура | |
| **МАЈ**<br>Во месец Мај се одржаа 15 (петнаесет) настани во рамките на манифестацијата, од кои 7 (седум) беа од пријавената програма на КПГК 2024. | 15 |
| **<u>04 Мај/ 11:30</u> КПГК 2024**<br>Беше рганизацирано **<u>ретро шоу на автомобили – олдтајмери</u>** и збогатување на викенд програмата на посетителите и гостите на градот по повод Велигденските празници и во рамките на програмата на КПГК со пригодна музичка програма DJ и со учество на **Олдтајмер клубот „Витези" од Куманово.**<br>**Локација:** Градски плоштад | |
| **<u>5 Мај / 12:00 часот</u>** | |

| |
|---|
| **ВЕЛИГДЕНСКА ТРАДИЦИЈА 2024 – организација на традиционалната манифестација со богата програма: Велигденски игри, велигденски базар и концерт на Дејви и бенд.**<br>**Локација:** Градски плоштад |
| <u>**7 Мај / 18: 00 часот**</u><br>**ПАТРОН ПРАЗНИК НА ООУ „ИЛИНДЕН“ Кр. Паланка**<br>**Локација:** ООУ „Илинден“ |
| <u>**11 Мај / 19:30 часот**</u><br>**Годишен концерт на КУЗ ФОЛКЛОРИСТИ и гости**<br>**Локација:** НУ Центар за култура |
| <u>**15  Мај / 18:00 часот**</u><br>**Промоција на стихозбирка „Сончевина“ од Марина Цветковска Станковска**<br>**Локација:** ЛУ Градски Музеј |
| <u>**15  Мај / 20:00 часот**</u> КПГК 2024<br>**ФИЛМСКА СРЕДА – филм „Недела“, реж. Немања Церовиќ**<br>**Локација:** НУ Центар за култура |
| <u>16 Мај / 12:00</u> КПГК 2024<br>ДОВИДУВАЊЕ МАТУРАНТИ – дефиле, торта и рејв забава. По повод матурирањето на овогодишната генерација на матуранти, во рамките на програмата беше организирана намузичка програма со рејв музика за средношколците матуранти од нашиот град во рамките на манифестацијата КПКГ со учество на Дарко Медарски кој одржа <u>концерт </u>на рејв музика.<br>**Локација:** Градски плоштад |
| <u>**16  Мај / 20:00 часот**</u><br>**ИЗЛОЖБА НА СКУЛПТУРА „Нова перспектива и транформери“ од Анета Стојчевска и Елизабета Тошевска**<br>Изложбата беше збогатена со извронреден балетски настап на Викторија Коцев<br>**Локација:** НУ Центар за култура Кр. Паланка |
| <u>**17 Мај / 11:00 часот**</u><br>**ПАТРОН ПРАЗНИК НА ЈОУДГ„ДЕТЕЛИНКА“ Кр. Паланка**<br>**Носител:** ЈОУДГ„Детелинка“ Кр. Паланка |
| <u>**22  Мај / 20:00 часот**</u> КПГК 2024<br>**ФИЛМСКА СРЕДА**<br>**Локација:** НУ Центар за култура |
| <u>**23 Мај / 12: 00 часот**</u> КПГК 2024 |

**ПАТРОН ПРАЗНИК НА ООУ „ЈОАКИМ КРЧОВСКИ“ Кр. Паланка**

Свечено одбележување на денот на нашиот преордбеник и учител СВ. ЈОАКИМ КРЧОВСКИ со организација на богата свечена програма – патронат на учииштето, полагање на свежо цвеќе на споменикот на преродбеникот во центарот на Крива Паланка.

**Локација:** ООУ „Јоаким Крчовски“

---

<u>23 Мај / 19:00</u> КПГК 2024

На 23-ти Мај се одржа Свечено одбележување на денот на сесловенските просветители СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ како и денот на нашиот преордбеник и учител СВ. ЈОАКИМ КРЧОВСКИ со организација на богата свечена програма и доделување на наградите за **најдобар просветен работник и најдобар ученик.** Одбелележувањето на празникот беше збогатено музичко учество на **АГНИ АВШАР** како и **<u>целовечерен концерт</u>** на македонски евергрини изведувани од нашиот најпознат поп пејач ДРАГАН МИЈАЛКОВСКИ и **оркестар при ЗЦМ Скопје** како и балетска придружба **студио за модерен балет ДЕНС Јунајтед од Скопје.** Водител на вечерта беше **Жаклина Цветковска**

**Локација:** НУ Центар за култура

---

**<u>28 Мај / 20:00 часот</u>**

**Промоција на книга „МОЕТО АЛТЕР ЕГО“, од Елеонора Николовска**

**Локација:** НУ Центар за култура Кр. Паланка

---

**<u>29 Мај / 20:00 часот</u>** КПГК 2024

**ФИЛМСКА СРЕДА**

**Локација:** НУ Центар за култура Крива Паланка

---

**<u>30 Мај / 20:00 часот</u>**

**Изложба БЕЗКОНЕЧНОСТ / INFINITY од Ирена Паскали**

**Локација:** ЛУ Градски Музеј Кр. Паланка

---

КРИВОПАЛАНЕЧКО КУЛТУРНО ЛЕТО 2024

ЈУНИ – ЈУЛИ - АВГУСТ

| | |
|---|---|
| ЈУНИ<br>Во месец Мај се одржаа 12 (дванаесет) настани во рамките на манифестацијата, од кои 4 (четири) беа од пријавената програма на КПГК 2024: | 12 |

**<u>05 Јуни / 12:00 часот</u>**

**Перформанс „ Со стихови и цвет, мир во цел свет“ со Живко Поповски Цветин**

**Локација:** Градски плоштад

---

